СТОМАТОЛОШКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 15-970/2
30.08. 2019 год
СКОПЈЕ

Арх. знак 1501
Рок на чување ТРАЈНО
30.08. 2019 год
Потпис,

# ЗАПИСНИК

Од седницата на Централна изборна комисија на Стоматолошка комора на Македонија одржана на ден 25.07.2019 година.

На седницата присуствуваа д-р Ненад Цветановски, претседател на Централна изборна комисија, д-р Костадин Митев, д-р Милан Нацевски и д-р Александар Стојановски. На седницата не присуствуваше д-р Ридван Алили и покрај тоа што го најави своето присуство.

Откако утврди кворум за работа, претседателот на Централната изборна комисија, д-р Ненад Цветановски го предложи следниот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од претходната седница одржана на ден 19.07.2019 година.
2. Разгледување и дополнување на Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија по препорака од Комисијата за статутарни и правни прашање.

Предлог дневниот ред беше едногласно усвоен.

1. Записникот од претходната седница на Централна изборна комисија одржана на ден 19.07.2019 година беше едногласно усвоен без измени и дополнување.
2. По препорака на Комисијата за статутарни и правни прашање на СКМ, Централната изборна комисија го разгледа и даде предлози за измена на Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија и тоа:
    - Во член 3 да не се прават измени;
    - Во член 4 да не се прават измени;
    - Во точка 3 “Органи за спроведување на изборите и отповикувањето“, зборот “отповикувањето“ да се избрише од оваа точка и да се стави како посебен член во Правилникот.
    - Во член 5 став 2 и став 3 да се избришат од овој член и да се ставаат во посебен член, односно во член или точка за “отповикување“.
    - Во член 11 односно член 9 по оставениот материјал од Комисијата за статутарни и правни прашање,во став 6 зборовите “јавен увид“ да останат и став 13 и став 14 од истиот член да останат.
    - Во член 14 став 5 реченицата да заврши кај “личните квалитети на поединецот“, останатиот дел од став 5 да се избрише, односно да се избрише “соодветната застапеност на сите стоматолошки професионални профили, половата и етичката застапеност на членовите на Комората,

при што се применува принципот на соодветна и правична застапеност за сите заедници во Република Македонија.“ Централната изборна комисија смета дека остатокот од став 5, односно делот кој треба да се избрише е контрадикторен.

- Во член 15 став 1 да се додаде уште една алинеја и таа да гласи “Секој од присутните доктори на собирот може да поддржи повеќе кандидати.“ Во истиот член став 2 реченицата да заврши кај “личните квалитети на поединецот“, останатиот дел од став 2 да се избрише, односно да се избрише “соодветната застапеност на сите стоматолошки професионални профили, половата и етичката застапеност на членовите на Комората, при што се применува принципот на соодветна и правична застапеност за сите заедници во Република Македонија.“
- Во член 16 став 3 и став 8 да останат и да не се прават измени во нив. Став 11 од истиот член на почетокот од реченицата да се дополни со бројот 7, односно “Листата на 7 предложени кандидати...“. Во став 12 во првата алинеја од истиот член да се дополни записникот да има и печат од регионот, односно цртата да гласи “записник од одржан собир на докторите со потписи на сите присутни членови на собирот на регионот , потпишан од претседателот на регионот и ставен печат од регионот,записничарот и контролорот назначен од Извршниот одбор на Комората.“
- За член 24 Централната изборна комисија нема став.
- Член 28 став 4 останува иста.
- Член 29 став 3 алинеја три да се дополни во заграда со “лична карта или патна исправа“.
- Член 31 останува ист.
- Член 32 став 4 да се дополни и да гласи “Сериски број само на кочанот“.

  - СЛЕДНАТА СЕДНИЦА НА ЦЕНТРАЛНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СЕ ЗАКАЖУВА ЗА 05.08. 2019 ГОДИНА.

  На продолжението од претходната седница одржана на ден 05.08.2019 година присуствуваа д-р Ненад Цветановски, претседател на Комисијата, д-р Костадин Митев и д-р Милан Нацевски. На седницата не присуствуваа д-р Ридван Алили и д-р Александар Стојановски и покрај тоа што го најавија своето присуство.

  Откако претседателот на Комисијата утврди кворум за работа, членовите на Комисијата продолжија со измени и дополнување на Правилникот.

- Член 33 став 1 да се измени и да гласи “Се гласа само за 5 кандидати наведени во гласачкото ливче. Остатокот од реченицата “поединечно и најмногу за онолку кандидати колку што се избираат членови“ да се избрише.

- Член 34 став 1 да се дополни и измени и да гласи “ За неважечко се смета гласачкото ливче на кој се заокружени помалку или повеќе од 5 кандидати.“ остатокот од став 1 да се избрише. Став 2 и став 3 од истиот член да се избришат.
- По однос на член 38,Централната изборна комисијата предлага гласачките кутии да бидат запечатени.
- Член 39 став 1 да се дополни и да гласи “По завршувањето на гласањето Избирачкиот одбор веднаш започнува со утврдување на резултатите од гласањето. На отворањето на кутиите и пребројувањето на гласовите имаат можност да присуствуваат и предложените кандидати.“
- Член 41 се изменува и гласи “ Записникот за својата работа, со другиот изборен материјал, Избирачкиот одбор, го доставува до Регионалната изборна комисија односно Централната изборна комисија во рок од 18 часа од затворањето на избирачкото место.
- Член 44 став 5 се дополнува и гласи “Избирачките одбори и Регионалната изборна комисија по констатирање на резултатите од гласањето мора задолжително во рок од 2 часа од затворање на гласачкото место на е-маил адресата на Централна изборна комисија да ги испратат неофицијалните резултати од гласањето.“
- Член 59 став 1 да се избрише. Став 2 станува став 1,став 3 станува став 2,а став 4 станува став 3. Во став 2 треба да се дополни текстот од став 1 што се брише. Централната изборна комисија бара измената да ја направи правникот на Комората. Во став 4, односно став 3 се брише дел од пасусот,односно “се постапува согласно ставот 1 на овој член“ и се дополнува и гласи “ Доколку бројот на делегати од определен регион се исцрпи односно сите членови од соодветниот регионален одбор станат делегати на Собранието и се испразни бројот на членови во регионалниот одбор се организираат нови избори.“

**Записничар**
Ивана Велјановски

**ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Претседател**
Д-р Ненад Цветановски

Стоматолошка комора на Македонија
СКОПЈЕ